# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.152 од 03.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14 и 97/15) во членот 188 став (1) зборовите: „2.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

**Член 2**

Во членот 189 зборовите: „2.000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."
Ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице ."

**Член 3**

Во членот 190 став (1) зборовите: „600 до 2.000" се заменуваат со зборовите: „600 до 1.200".
Во ставот (3) зборовите: „од една до пет години" се заменуваат со зборовите: „до една година".

**Член 4**

Членот 190-а се менува и гласи:

**„Член 190-а**

„(1) За прекршоците од членовите 188, 189 и 190 на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, се спроведува постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.
(2) Агенцијата води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на постапката.
(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот и бројот на прекршочниот платен налог кој му се издава.
(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува директорот на Агенцијата.‟

**Член 5**

По членот 190-а се додава нов член 190-б кој гласи:

**„Член 190-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.”

**Член 6**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за воздухопловство.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.